Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација заведена под бр. 0801-473/1 од 17.12.2021, поднесена од Коалицијата за [redacted] „[redacted]", застапувана од [redacted] од Скопје против Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје" – Скопје, за извршена дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), во натамошниот текст ЗСЗД, на 14.02.2022 го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** извршена од ЈСП „Скопје" – Скопје по основ на припадност на маргинализирана група односно по основ на попреченост во областа пристап до добра и услуги, со оневозможување на пристапност и соодветно приспособување на автобусите во возниот парк на претпријатието.

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** извршена од Град Скопје со оневозможување на пристапност и соодветно приспособување на инфраструктурата на автобуските постојки во град Скопје по основ на попреченост.

О б р а з л о ж е н и е

На 17.12.2021 година во просториите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена усна претставка на записник за заштита од дискриминација од страна на Коалицијата за [redacted] претставувана од [redacted]. Записникот во водеше и состави членот на Комисијата Кире Василев. Во претставката заведена под бр.0801-473/1, подносителот наведе дека лицата со попреченост се дискриминираат во континуитет од страна на ЈСП „Скопје" поради неприлагодената инфраструктура на возилата од нивниот возен парк кон специфичните потреби на лицата со попреченост. Тој посочи дека во возилата на ЈСП не се користи поставената асистивна сигнализација – синтетизатори на говор, инсталирана за потребите на лицата со сензорна попреченост. [redacted] потенцираше дека вакви уреди не се вградени во сите возила, што е уште една пречка за непречено користење на јавниот превоз на овие лица. Дополнително, тој во претставката наведе дека рампите за помош на лицата кои користат инвалидски колички што се инсталирани во поголемиот број возила, се практично недостапни за употреба бидејќи најчесто не се исправни а и никој не е задолжен да асистира при нивно користење. Подносителот во претставката го отвори и проблемот со непристапните автобуски постојки во градот, во смисла на поставените столпчиња што ја обележуваат вело-патеката во градот, а им го отежнуваат пристапот на лицата со попреченост при влегувањето и излегувањето од возилата. [redacted] на крај ја посочи и несоодветната сигнализација на автобуските постојки кои треба да имаат уреди кои звучно ќе сигнализираат кој автобус и во кое време ќе пристигне на постојката, што им е неопходна на лицата со сензорна попреченост.

Согласно член 24 став 7 и член 26 од ЗСЗД, со што товарот на докажување премина на лицето против кое е поднесена претставката, КСЗД на 22.12.2021 година испрати до ЈСП „Скопје" Скопје барање за произнесување по наводите содржани во претставката.

Писмениот одговор од нивна страна пристигна во архивата на КСЗД на 03.01.2022 и беше заведен под бр.08-12/1. Во истиот, ЈСП „Скопје“ посочија дека не може да се разбере за кој конкретен настан станува збор во претставката, со оглед дека на 17.12.2021 не бил евидентиран сличен настан поднесен од корисник на нивните услуги или патник. Со оглед на тоа, тие не можеле да се произнесат по наводите, ниту да утврдат каков вид дискриминација била извршена од нивна страна.

Затоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 29 став 1 од ЗСЗД, на 24.01.2022 година изврши непосреден и ненајавен увид во постоечката документација во просториите на јавното претпријатие, за што изготви Записник. При увидот, членовите на Комисијата се сретнаа со в. д. Директорот [redacted] а на состанокот беше присутен и [redacted] вработен во ЈСП. Притоа, [redacted] покажа разбирање за проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост при користењето на услугите на ова претпријатие и изјави подготвеност активно да се вклучат во нивно разрешување. Тој посочи дека е свесен дека во поголем број возила пристапните рампи не функционираат и дека дел од возачите ги исклучувале синтетизаторите за говор, што им се неопходни на лицата со попреченост, затоа што им сметале во сообраќајот. Илиевски укажа дека е свесен дека голем број возила на ЈСП не ги исполнуваат стандардите за соодветно приспособување за лицата со попреченост, но потенцираше дека претпријатието се соочува и со финансиски потешкотии во своето работење.

За немањето на соодветното приспособување на постојките во Град Скопје како и за столпчињата што ги означуваат вело-патеките и претставуваат физичките препреки за лицата со попреченост при користењето на транспортните услуги на ова претпријатие, [redacted] изјави дека истите не се под надлежност на ЈСП „Скопје“ туку на Градот Скопје како локална самоуправа.

Комисијата утврди дека со Одлука на Собранието на Град Скопје од 1989 година, работната организација за градски сообраќај „Скопје“ е трансформирана во Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје“ – Скопје. Според член 10, став 4, алинеи 9 и 10 од Законот за Град Скопје (Сл.весник на РМ бр.55/04, 158/11) уредувањето и организацијата на јавниот градски и приградски превоз на патници како единствен превозен систем во градот е под надлежност на Град Скопје.

Затоа и без оглед што подносителот на претставката не го посочи Град Скопје како надлежен за приспособување на структурата на автобуските постојки, КСЗД утврди дека неприспособеноста на таа инфраструктура кон специфичните потреби на лицата со различен вид и степен на попреченост претставува извор на дискриминација. На 25.01.2022 година, членови на КСЗД организираа средба со градоначалничката на Град Скопје – Арсовска со цел да ја запознаат со содржината на претставката и потребата за поголема вклученост на новата локална власт за разрешување на оваа проблематика. Градоначалничката информираше дека иако е на почетокот на својот мандат, изрази поддршка и разбирање за лицата со попреченост, како и подготвеност заедно со Советот да предложат решение за адаптација на автобуските постојки во Град Скопје.

Разгледувајќи ги сите аспекти и факти при работата на овој предмет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација упатува на членот 6 од ЗСЗД, кој гласи:

*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и*

*слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* ***Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите****.*

Дополнително, во членот 4 точка 5 од ЗСЗД, се потенцира:

*Пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите подразбира преземање на соодветни мерки што осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области.* ***Оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите е дискриминација****.*

На 05.12.2011 година, Собранието на Република Македонија ги ратификуваше Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата (Сл.весник на РМ бр.172/2011) со што овие документи станаа дел од нашиот внатрешен правен поредок.

Во членот 1 од Конвенцијата, се дефинира целта на истата:

*Целта на оваа Конвенција е унапредување, заштита и обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на лицата со инвалидност, како и унапредувањето на почитувањето на нивното вродено достоинство.*

Во членот 4, се дефинираат основните обврски на земјите-потписнички. Ставот 1 од овој член гласи:

*1. Земјите потписнички се обврзуваат да обезбедат и промовираат целосно остварување на сите човекови права и основни слободи на сите лица со инвалидност без било каква дискриминација врз основа на попреченост. За таа цел земјите учеснички се обврзуваат: (...)*

*ф. Да преземат или промовираат истражување и подобрување на универзално изработените производи, услуги, опрема и капацитети, како што е дефинирано во член 2, за што е потребно минимално можно прилагодување и минимални трошоци за да се исполнат посебните потреби на лицата со инвалидност, унапредување на нивната достапност и користење и да се подобри универзалниот модел во развојот на стандардите и насоките;*

*г. да се преземат или промовираат истражувања и подобрувања, како и унапредување на достапноста и користењето на нови технологии, подвижни помагала, справи и помошни технологии, соодветни за лицата со инвалидност, давајќи приоритет на технологии со достапни цени...*

Во членот 5 од Конвенцијата, кој е насловен: Рамноправност и индискриминација, во точка 3 децидно е наведено:

*3. Со цел промовирање на рамноправноста и елиминирање на дискриминацијата, земјите учеснички ги преземаат сите соодветни чекори за да обезбедат* ***разумно прилагодување****.*

Членот 9 од Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност носи наслов – Достапност. Ставот 1 од овој член гласи:

*Со цел да им се овозможи на лицата со попреченост да живеат независно и во целост да учествуваат во сите аспекти на животот, земјите учеснички преземаат соодветни мерки за да им обезбедат на лицата со инвалидност пристап на еднаква основа со другите, до просторната околина, **транспорт**, информации и комуникации, како и до други капацитети и услуги отворени или обезбедени за јавноста, во урбаните и во руралните области. Овие мерки, во кои е вклучена **идентификацијата и елиминацијата на препреки и бариери за пристап**, меѓу другото се однесуваат на:*

*а. Објекти, патишта, **транспортни и други внатрешни и надворешни средства и капацитети**...*

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека неприспособената инфраструктура во возилата на ЈСП „Скопје" – Скопје и на автобуските постојки што се во надлежност на Град Скопје, за лицата со различен вид и степен на попреченост значи оневозможување на користењето на транспортните услуги на еднаква основа со другите што во својата суштина претставува дискриминација.

Согласно член 27 став 2 од ЗСЗД, по утврдената дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следнава

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ЈСП „Скопје" – Скопје да изготви акциски план со прецизно дефинирани рокови и обезбедени финансиски средства за приспособување на постоечката внатрешна инфраструктура во возилата за јавен превоз во смисла на инсталирање на функционални асистивни технологии: рампи за лица со физичка попреченост кои користат инвалидски колички и говорни синтетизатори што ќе ги користат лицата со сензорна попреченост и истиот да го достават до КСЗД **во рок од 90 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Град Скопје да изготви акциски план за лоцирање и отстранување на сите физичките бариери што се поставени за означување и заштита на постоечките вело-патеки низ градот, а им го попречуваат пристапот на лицата со попреченост при користењето на јавниот превоз на автобуските постојки и истиот да го достават до КСЗД **во рок од 90 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака.**

Согласно член 27 став 4 од Законот, доколку лицето на кое е упатена Препораката не постапи по истата во зададениот рок, Комисијата има законска должност да побара покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател

Кире Василев

Скопје, 14.02.2022